ЗНАЕТЕ?

# ДАЛИ

## Кој е Мојсеј?

*Мојсеј од вода изваден*; како што популарно се објаснува, инаку вистинското значење на староегипетски е *син*. Законодавец, и првиот и најголем еврејски Пророк и водач. Околу 1300 година пред Исуса Христа. Го извел Израилот од египетското ропство и го повел кон Ветената земја, Ханаан. Роден е во Мемфис, во скромно семејство, но во Египет станал многу значајна личност. Побегнал после убиството на еден Египтјанин во Мидија. Таму се оженил со една од ќерките на тамошниот свештеник Јотор. Во едно видение на капина што гори а не согорува, му се јавува Бог и му наложува да го избави својот народ од ропство. Израелците по долги перипетии избегале од Египет, преку Црвеното Море и четириесет години лутале низ пустината. На планината Синај Мојсеј ги примил од Бога десетте заповеди. Пред својата смрт ја видел Ветената земја од горана Навав, но немал право да влезе во неа, како ни останатите од народот што тргнале од Египет, како казна за нивната непослушност кон Бога. Неговиот наследник Исус Навин ги довел Израелците во Ханаан. Не се знае местото каде што е закопан Мојсеј (2Мој.), а умрел во 120 година од животот.

ЗНАЕТЕ?



## пари

Колку што е познато, во библиските земји парите се користеле уште во 8 век пред Исус Христос. Првите пари се правеле од легура на сребро и злато, а тежината била загарантирана со печатот што се втиснувал. Малку се ковале еврејски пари, зашто во она време тие постојано биле под нечие ропство, па користеле туѓи пари. Римските пари се користеле во сите окупирани земји. Евреите имале свои ковани пари во времето на селевкидските цареви (Сириското царство после Александар Македонски), а еврејските водачи (Хасмонеите) во Ерусалим ковале пари по сопствен нацрт. Во времето на бунтот против Рим (66 г.) ги исковале првите сребрени пари. Старозаветните златни и сребрени пари, шекел (сикал), околу 11, 4 грама; мина - околу 500 грама = 50 шекели; талант - 30 кг = 60 мини новозаветни пари. Во Палестина биле во оптек три различни видови пари: официјалните, царските (римски стандард); провинциските, ковани во Антиохија и Тир (грчки стандард), и локалните пари, еврејски, ковани во Кесарија. Данокот во храмот се плаќал со тирски пари (дидрахми), а не со римски. Затоа и толку напредувала работата на менувачите. Парите се ковале од различни метали: злато, сребро, бронза, бакар итн. Во Новиот Завет најчесто се споменуваат грчките пари (тетрадрахми) и римските (динари). Еврејски пари: лепта (бронза) и шекел. Грчки пари: драхма (сребро), статир (статер или тетрадрахма - сребро) и мина. Римски пари: 1 евр. шекел = 1 грчки статир; 1 тетрадрахма = 4 римски динари; 30 евр. шекели = една грчка мина = 100 римски динари.

ЗНАЕТЕ?

# ДАЛИ

**За какви *седум глави* се зборува во Откровението?**

Седумте глави, тоа се седумте гори врз кои седи жената и седум цареви.
Седумте глави и седумте гори, мислиме, ги означуваат седумте места кои особено ги надминаа другите со својата световна моќ и сила, а во кои, како што знаеме, во различно време беше утврдувано светското царство. Прво од нив е Асирското царство, второто е владеењето на Мидјаните во Екватан, чијшто цар Арбак, како што се раскажува, го уби Сарданапала, царот Асирски; потоа во Вавилон Навуходоносор, ја утврди власта на Халдејците, пои чијшто пораз во Сура Кир го воспостави Персиското царство, а по неговото уривање од Александар беше воспоставено Македонското. По нив, во древниот Рим, по власта на првите консули и цареви, при цезарот Август, семоќта ја стекна Римската монархија, поддржувана од нечестивите цареви сè до Константин Велики. Со исто значење, мислиме, се прикажуваат и седумте цареви, затоа што разликата во родовите сосема не пречи во сродноста на мислата, макар што седумте глави се од женски род, седумте ритчиња од среден, а седумте цареви од машки.

ЗНАЕТЕ?



Во Писмото имињата честопати се пишуваат без разликување - машки имиња наместо женските и обратно, како на пример: „Ефрем, јуница бодлива", а на друго место: „Ефрем, гулаб без срце" и (Ос. 7, 11), и според Богословот: „Троица се, кои сведочат на земјата - Духот, водата и крвта, и Троица сведочат заедно", а според Соломон: „лавот, петелот и царот, кој му зборува на својот народ" (Изреки 30, 31-32). Значи, седумте глави се градовите, седумте гори - седумте состојби коишто повремено го надминуваа останатото тело на земјата, не со местоположбата или со населеноста, туку со големината на славата. Во таа смисла, како што рековме, цареви ги нарекол местата прославени со царско претседателство, или пак, првите цареви во секое од претходно спомнатите места, со нивните имиња означувајќи ги соодветните царства:

со името на Нин - царството Асирско,
Арбак - Мидијското,
Навуходоносор - Вавилонското,
Александар - Македонското,
Ромул - Старото Римско и
Константин - Новото Римско.

(**Толкување на Откровението**, Св. Андреј Критски)

